Точка на дневен ред: **2**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната:

**Одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**

Во прилог:
– Предлог-одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието.

Скопје, октомври 2022 година

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за избор на записничар и бројач на гласови

Врз основа на член 50 и член 50-в од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје ја донесе следната:

### Одлука за избор на записничар и бројач на гласови

1. За записничар на Собранието на акционери се избира ____________;
2. За бројач на гласови на Собранието на акционери се избира ______________;
3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Во Скопје, 14.10.2022 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Согласно член 50 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието одлучува со јавно гласање. За броење на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

Согласно член 50-в од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за работата на Собранието се води записник кој ги содржи податоците утврдени со Деловникот за работа на Собранието на акционери. Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачите на записник.

За записничар и заверувачи на записник не може да бидат избрани членови на Управниот одбор или членови на Надзорниот одбор, ниту претседавачот на Собранието.

Ако Собранието одлучува за измена на податок што во согласност со Законот за трговски друштва се упишува во трговскиот регистар, записникот го води нотар и тогаш записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржување на Собранието и него го потпишуваат нотарот и претседавачот со Собранието.